CORE
Metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
Provided by UGD Academic Repository

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Шеста меѓународна научна конференција
„ Науката - поддршка на развојот во Југоисточна Европа “



**Скопје 21 декември 2018**

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ:** Шеста меѓународна научна конференција „Науката – поддршка на развојот во Југоисточна Европа“

Организатор: Институт за дигитална форензика
Универзитет „Евро-Балкан“ - Скопје

Уредник: Проф.д-р Сашо Гелев

Издавач: Универзитет „ЕВРО-БАЛКАН“ Скопје
Република Македонија
www.euba.edu.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

001.3:316/39(497.7)(062)
001.3:004(497.7)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (6 ; 2018 ; Скопје)
Науката - подршка на развојот во Југоисточна Европа : зборник на трудови / Шеста меѓународна научна конференција, Скопје 21 декември 2018; [уредник Сашо Гелев]. - Скопје : Универзитет "Евро-Балкан", 2018. - 117 стр. : илустр. ; 30 см

Текст на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4714-60-6

а) Научен развиток - Општествени науки - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 109227786

**Сите права ги задржува издавачот и авторите**

# Програмски одбор

- **Проф. Д-р Весна Матијашевиќ Покупец, Универзитет Евро Балкан – Претседател;**
- **Проф. Д-р Сашо Гелев – Електротехнички факултет Радовиш Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија претседател;**
- **Проф. Д-р Митко Панов - Институт за историја, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија**
- **Проф. д-р Влатко Чингоски, Електротехнички факултет Радовиш Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија;**
- **Проф. Д-р Божо Крстајиќ, Електротехнички факултет - Подгорица, Црна Гора;**
- **Проф д-р Милован Радуловиќ, Електротехнички факултет - Подгорица, Црна Гора**
- **Проф. Гоце Митревски, Аубурн Универзитет, Аубурн, САД;**
- **Проф. Денис Химчи, Универзитет „Александар Џувани“, Елбасан, Албанија;**
- **Проф. Ахмед Ајтач, Селџук Универзитет,Конија, Турција;**
- **Проф. Кубилај Акман, Ушак Универзитет, Ушак, Турција;**
- **Корнелија Ципушева, Институт Балкан Про Европа, Република Македонија**
- **Проф. д-р Здравко Скакавац, Факултет за правне и пословне студије, Универзитет УССЕ, Нови Сад;**
- **Проф. д-р Гордан Калајџиев, Правен факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј – Скопје, Република Македонија;**
- **Проф. Д-р Никола Протрка, Полициска академија, Загреб, Република Хрватска;**
- **Проф. Д-р Стефан Сименов, Академија за внатрешни работи на Република Бугарија;**
- **Проф. Д-р Тони Стојановски, Австралија**
- **Доц. д-р Снежана Черепналковска Дуковска, Универзитет Евро Балкан, Република Македонија, член**
- **Проф. д-р Роман Голубовски, Природно математички факултет,Универзитет Св. Кирол и Методиј Скопје, Република Македонија;**
- **Проф. д-р Марјан Николовски, Факултет за безбедност, Универзитет Св. Климент Охридски, Битола, Република Македонија.**

# Организациски одбор

- **Проф. д-р Сашо Гелев, – Електротехнички факултет Радовиш Универзитет Гоце Делчев Штип, Република Македонија, претседател;**
- **Проф. Д-р Божо Крстајиќ, Електротехнички факултет - Подгорица, Црна Гора, член;**
- **Проф. Д-р Милован Радуловиќ, Електротехнички факултет - Подгорица, Црна Гора, член**
- **Доц. д-р Снежана Черепналковска Дуковска, Универзитет Евро Балкан, Република Македонија, член;**
- **Проф. Гоце Митревски, Аубурн Универзитет, Аубурн, САД, член;**
- **Проф. Денис Химчи, Универзитет „Александар Џувани“, Елбасан, Албанија, член;**
- **Проф. Ахмед Ајтач, Селџук Универзитет,Конија, Турција, член;**
- **Проф. Кубилај Акман, Ушак Универзитет, Ушак, Турција, член;**
- **Зорица Каевиќ, Универзитет Евро Балкан, Република Македонија, член;**
- **Ивана Гелева Универзитет Евро Балкан, Република Македонија, член.**

# П Р Е Д Г О В О Р

Позади нас е уште една конференција „Науката-подршка на развојот во Југоисточна Европа одржана на 21 декември 2018 година во Скопје, а ова е зборникот на трудови кои се презентирани на конференцијата. Програмскиот одбор и рецененетскиот тим изврши селекција и овде се презентирани само прифатените трудови.

Пред шест години за прв пат ја организиравме оваа конференција со цел студентите од вториот и третиот циклус на студии да се оспособат за пишување и презентирање научно-стручни трудови, а останатите учесници да ги пренесат своите најнови истражувања во посочените области.

Пред Вас се 14 квалитетни трудови презентирани во 4 секции.

Организаторот се надева дека и присутните го делат ова мислење дека ова е една од поуспешните конференции. Ова не обврзува и следните конференции да бидат со ист квалитет, нови луѓе, нови теми, нови акции и ист дух на конференцијата.

Проф. Д-р Сашо Гелев

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| *Јасмина Мишоска Симов, Биљана Петревска* | |
| Карактеристики на моделите на управување со компаниите во Република Македонија...................................................................................................................... | 8 |
| | |
| *Весна Матијашевиќ - Покупец* | |
| На границата помеѓу моралниот кодекс и обичајното право - престапот и казната во македонското народно творештво.....................……............................................... | 14 |
| | |
| *Александар Нацев, Димитар Богатинов, Горан Бициовски* | |
| Споделување информации во безбедносниот сектор.................................................. | 20 |
| | |
| *Снежана Черепналковска Дуковска, Сашо Гелев* | |
| Идентитет и веродостојност на уредите Internet of Things (IoT).................................. | 26 |
| | |
| *Снежана Черепналковска Дуковска* | |
| Примена на моделот за квалитет на софтвер кај блокчеин софтверски продукти...... | 33 |
| | |
| *Марјан Богданоски, Александар Нацев, Сашо Гелев* | |
| Етиологија на семејното насилство................................................................................ | 41 |
| | |
| *Марјан Богданоски, Александар Нацев* | |
| Современи фактори на појавата на насилничкиот криминалитет............................... | 52 |
| | |
| *Сергеј Цветковски, Горан Зенделовски* | |
| Тековни состојби и перспективи на воениот фактор во светот.................................. | 63 |
| | |
| *Сергеј Цветковски, Николчо Спасов, Александар Павлески* | |
| Достигнувања и тенденции на техничко-технолошкиот развој во областа на воената технологија.......................................................................................................... | 72 |
| | |
| *Милан Савиќ, Борко Христов, Драган Карациовски, Сашо Гелев* | |
| 3Д печатење и 3Д печатар.............................................................................................. | 80 |
| | |
| *Драган Карациовски, Борко Христов, Милан Савиќ* | |
| Екрани со допир................................................................................................................ | 89 |
| | |
| *Милан Савиќ, Борко Христов, Драган Карациовски, Сашо Гелев* | |
| Енвироментална информатика....................................................................................... | 97 |
| | |
| *Горан Стојанов* | |

| | |
|---|---|
| Суштина на творешкиот чин................................................................................. | 102 |
| | |
| *Goran Bidjovski, Dimitar Bogatinov* | |
| TYPES OF INTRODUCTORY PAGES, THEIR FEATURES AND THEIR DISPLAY ON THE USERS' COMPUTERS..................................................................................... | 108 |
| | |

УДК 364.63-027.553
343.54/.55

**Марјан Богданоски**
*Европскиот Универзитет – Република Македонија*

**Александар Нацев**
*Европскиот Универзитет – Република Македонија*

**Сашо Гелев**
*Електротехнички факултет*
*Универзитет Гоце Делчев - Штип*

# ЕТИОЛОГИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО

***Апстракт***: *Насилството во семејството претставува сложен криминолошки, социолошки, виктимолошки и кривичноправен предизвик на современото општество. Високата зачестеност, сериозните последици, како на непосредните, така и на посредните жртви, тешкотиите при откривањето и процесуирањето на сторителите, прават да оваа појава бара неодложна општествена рекација.*

*Самата проблематика на насилството во семејството упатува на комплексноста и опасноста, и потребата на интердисциплинарно проучување и дејствување на превентивен и репресивен план. Семејното насилство е сложена и повеќестепена условена појава која се развива на различни начини и има различни обележја. Со добро организирање на сите релевантни општествени фактори и нивни пристап во решавањето на овој сложен и тешко воочлив проблем би се намалила појавноста на насилството во семејството.*

***Клучни зборови:*** *семејство, семејни фактори, насилство, семејно насилство.*

# Вовед

Феноменот семејно насилство го следи човекот, односно човештвото со неговото вековно постоење. Како таков овој феномен не може да се поврзе само со една нација, култура, раса, вера или друго општествено обележје. Тоа на појавата и дава белег на универзалност. Наспроти на нејзината универзалност, во современите типологии за криминалитетот, семејното насилство се третира како современ облик на насилничкиот криминалитет.[1]

Насилството во семејството претставува изразито штетна, многу раширена, слабо позната и неистражена негативна општествена појава. Насилството во семејството не е реткост. Има индикатори кои кажуваат дека токму во семејството се случуваат бројни, тешки, трајни насилства од најшироки размери, кои во најголем дел остануваат непознати, дури и во случаите со тешки и фатални последици.

## 1. Дефиниции за семејното насилство

*Дефиницијата за* насилството во семејството дадена од страна на Обединетите Нации, е содржана во Декларацијата за елиминирање на насилството над жените-Резолуција 48/104 на Генералното собрание. Според неа, ***тоа е секој акт на насилство, заснован на припадност на пол, кој резултира или е подобен да резултира во физичка, сексуална или психичка повреда, страдање на жените, вклучувајќи ги и заканите за ваквите однесувања.***[2]

Препораката (2002)5 на Советот на Европа за заштита на жените од насилство и Меморандум со објаснувања[3] ја утврдува следната дефиниција: Насилството врз жените треба да се сфати како кој било акт на полово-базирано насилство, кое резултира со, или најверојатно ќе резултира со физичка, сексуална или психолошка повреда или страдање на жените, вклучувајќи закани или слични акти, принуда, или насилно лишување од слобода, без разлика дали се случува во јавниот или приватниот живот. Ова вклучува, но не е ограничено со следново: Насилството што се случува во семејството или домашната единица, вклучувајќи, физичка или ментална агресија, емоционално и психолошко малтретирање, силување и сексуална злоупотреба, инцест, силување меѓу сопружниците, редовни или повремени партнери и луѓе што живеат заедно, злосторства извршени во името на честа, генитално и сексуално осакатување на жените и други традиционални практики кои се штетни за жените, како и присилни бракови.[4]

Ајдуковиќ насилството во семејството го дефинира како збир на однесувања чија цел е контрола над другите лица со употреба на сила, заплашување и манипулација.[5]

---

[1] Чачева, В, Фришиќ, Ј, Мишев, С, Живот во сенка, Здружение за еманципација, солидарности еднаквост на жените на РМ ЕСЕ, 2007, стр, 1 според Ignjatović, Kriminologija, Služben glasnik, Beograd, 2005, стр. 268

[2] Тозија, Ф, Ѓорѓиев, Д, Чичевалиева, С, Извештај за насилство и здравје во Македонија и водич за превенција, Министерство за здавство на Р. Македонија, 2006, Скопје, стр. 87

[3] Препораката (2002)5 на Советот на Европа за заштита на жените од насилство и објаснувачки Меморандум. Ова препорака е прифатена на Комитетот на Министри на 30 април 2002 на 794 состанок на помошинците на министрите. Во врска со ова Препорака види: Заштита на жените од насилство http://www.coe.int/T/E/Human_Rights/Equality/PDF_Rec(2002)5_Macedonian.pdf.

[4] Лана Русинов, Utjecaj nasilja u porodici na kriminalitet žena http://infoz.ffzg.hr/afric/MetodeII/Arhiva01_02/Ruskov_Lana.htm

[5] Ajduković, 2003; Jelavić, Ž. Nasilje u obitelji, 2006. http://www.unizd.hr/portals/4/nasilje u obitelji.ppt#261

Според Мирослав Вуковиќ семејното насилство претставува однесување со кое еден член на семејството го загрозува телесниот интегритет, душевното здравје или спокојството на другиот член на семејството[6].

Во позитивното законодавство на Република Македонија се сретнуваат две дефиниции за семејното насилство. Кривичниот законик на Република Македонија под *семејно насилство* подразбира малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.[7]

Во Законот за семејство под насилство во бракот и семејството се смета однесувањето на член од семејството кој со примена на сила, закана или заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член од семејството.[8]

## 2. Проблеми на современото семејство – појавата на насилство

Современото семејство има се помалу членови, што укажува на тоа дека се поголемо внимание му се посветува на воспитувањето, но и на меѓусебните односи кои се засниваат на взаемно разбирање и доверба, а од друга страна се е поголем бројот на разведените бракови, а причините за тоа се многубројни. Една од нив е меѓусебното несложување на партнерите и нивната економска независност, што има за последица голем број на самохрани родители. Со право се зборува за трансформација на семејството која следува од социјалната динамика, еманципацијата на жената, општиот општествен развој со презапослени семејства, со процесот на разградување на целокупниот патријархален морал. Оптеретеност со работното време и грубото редуцирање на содржините на семејниот живот, стресните и невротичните прилики го доведуваат современото семејство до конфликтни состојби, кои на крај резултираат со насилство.

Насилството во семејството е класично но во врска со новите социјални, економски, политички, културни и други односи се чини на нов начин што ги напаѓа точно тие односи со нови посвирепи форми на насилство: клање во брачен кревет, труење, експлоатација на член на семејство или дете, сексуална експлоатација, продавање на сопственото дете за секс. Ова свирепо и невообичаено насилство зборува за општествена социјална патологија на ова време и таа зборува како за социопата за сторителот на делото[9].

---

[6] Vukovic, Miroslav; Nasilje u porodici-oblici, indikatori i karakteristike; http://www.pcsrbija.org.yu/view_file.php?file_id=91.

[7] Кривичен законик во Република Македонија, чл. 122, став 19. Кривичен законик на РМ. Службен весник на РМ, Кривичен законик на Република Македонија, член 122, став 19). Кривичен законик на РМ Службен весник бр. 37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/2003. измени и дополнувања на КЗ. Службен весник на РМ бр. 19, март 2004.

[8] Измени и дополнувања на Законот за семејство, Службен весник на РМ бр. 38, јуни 2004

[9] Вест 28.03.2008 Детали за злосторството во куќа во Охрид. Со 39 убоди ја масакрирал сопругата од љубомора - сомничен за убиството на С. М. е нејзиниот сопруг Д. М., кој на подмолен и свиреп начин, поради патолошка љубомора, со нож во главата, очите иво вратот ја масакрирал жената, а потоа се самоповредил. Според досегашните сознанија, завчера во периодот меѓу 6,15 и 9 часот, осомничениот во семејниот дом во Охрид со 39 убоди со нож во главата, очите и во вратот ја убил својата сопруга С. М. Утврдено е дека пријавениот имал здравствени проблеми, односно психичко растројство, и уште во своите први искази манифестирал патолошка љубомора кон сопругата.

Фактот што семејното насилство се инкриминира во последните две децении претставува значаен индикатор за бавниот продор на правното регулирање на односите во бракот и семејството, кога е во прашање насилството, како на национално така и на меѓународно ниво.[10]

Историскиот, законскиот, социјалниот, политичкиот и економскиот контекст на семејното насилство се од основно значење при утврдувањето на развојот на индивидуалната и општествената реакција кон семејното насилство. Многу измени во веќе споменатите сфери во последните години придонесоа за промени и во релациите на полето на историската прифатеност на семејното насилство; општествената улога на мажите и жените; приватноста и семејството; прашањата на моќта, авторитетот и легитимноста; законодавството и правниот систем; премолчните културни обичаи и правила за владеачкото машко/женско однесување, чувства и реакција и влијанието на медиумите во справувањето на овој вид насилство.[11] Во современите истражувања на проблемот на семејното насилство доминираат три основни теоретски пристапи: психолошки, социолошки и феминистички. Секој од овие пристапи има одредени темели во резултатите на емпириските истражувања, но ниеден од нив не е прифатлив како универзален модел кој би нудел одговор на сите прашања. Затоа во истражувањата на семејното насилство е неопходен мултидисциплинарниот пристап.

## 2.1. Специфичност на феноменот на насилство во семејството

Насилството во семејството е глобален проблем кој ја преминува границата на различните култури, раси, економски групи, религии, родот и сексуалната ориентација, има различни облици и форми, на различни начини е санкционирано, а општествата се обидуваат да најдат најдобри решенија за превенција, сузбивање и заштита од насилство во семејството. Сите искуства во организирањето на “добра пракса” во заштита од насилството во семејството укажуваат дека единствено разбирање на специфичните карактеристики и согледување на вкупниот контекст на насилната ситуација овозможува да се установат релации помеѓу причините и последиците на одредени однесувања, и се планираат сеопфатни и специфични мерки на заштита.[12]

Специфичноста на семејното насилство се крие во фактот што непостои општество, држава или класа во која што ова појава не постои. Ако се осврнеме на современото семејство, кое е се повеќе изолирано од патријархалниот морал и конзервативните сфаќања, можеме да приметиме голем број на разводи, самохрани мајки и делинквентни деца како последица на семејното насилство.

Сите социолози и психолози се сложуваат дека појавата на насилство во семејството води кон уништување на семејството, а разореното семејство станува и широк општествен проблем, кога поедини нејзини членови ќе станат општествено неприкладни, односно девијантни лица.[13]

Најчести *причини* зошто жените остануваат во насилничките врски се следни:

- економската зависност, родителството, стравот, спасителскиот синдром, љубовта, должноста, вината, одговорноста, срамот и понижувањето, недостаток на самопочитување, неразбирање на надлежните.[14]

---

[10] Чачева, В, Фришиќ, Ј, Мишев, С, op.cit. стр. 1

[11] Ibid, стр. 1

[12] Slavković I, Ignjatović T; Nasilje u porodici - čija e odgovornost; autonomni ženski centar; MarDox, Beograd, 2006, http://www.womenngo.org.yu/publikacije-dp/cija-je-odgovornost.pdf

[13] Vjekoslav Afrić; Obitelj; Sveučilišu Zagrebu. http://infoz.ffzg.hr/afric/MetodeII/Arhiva01_02/selmic_adelita.htm

[14] Jelavić, Ž. Nasilje u obitelji, 2006. http://www.unizd.hr/portals/4/nasilje u obitelj

Врз основа на податоците добиени со истражување на насилството над жените во земјите во транзиција, но и во развиените земји на Запад, идентификувани се одредени индивидуални и ситуациони карактеристики на насилните мажи, кои можат да бидат значајни во развивањето како на репресивните така и на превентивните програми на борбата против семејното насилство. Тие карактеристики го вклучуваат следното:

- Расчекор помеѓу зависноста од партнерката и ригидната патријархална социјализација; злоупотреба на алкохол и/ или дрога; ниско ниво на самопочитување; сменување на добро и лошо однесување (jekill и Hide синдром); изолираност; стрес; невработеност[15].

Некои *карактеристики на насилството во семејството*

1. Најчесто почнува на почетокот на бракот или врската;
2. Најчести жртви се жените и децата, а сторители се мажите;
3. Децата се непосредни или посредни жртви (сведоци) на насилството во семејството - физичко, психичко, сексуално;
4. Репродукција на родовите улоги и меѓугенерациска трансмисија на насилството;
5. Теорија на научена беспомошност и теорија на циклус на насилство (Jeckil and Hide sindrom)- Leonora Walker;
6. Теорија за преживување (Goudolf и Fisher);
7. Економска зависност, отсуство на подршка, срам, самообвинување и обвинување од страна на опкружувањето;
8. Најголемата опасност жената да биде убиена е во моментот кога ќе одлучи да го напушти насилникот.

Индивидуални и ситуациони карактеристики на насилните мажи:[16]

Ригидна патријархална социјализација; зависност од сопругата, партнерката, родителите, социјалната помош и сл; алкохолизам и наркоманија; депресија; ниско ниво на самопочитување; чувство на неадекватност; двоен идентитет - Jekill и Hide карактеристики и емоционална нестабилност; изолираност; стрес и чести промени на општествениот и економскиот статус.

## 3. Видови на семејно насилство

Постојат следните видови насилства во семејството:

1. Физичко насилство: од модрици до лишување од живот;
2. Сексуално насилство, вклучувајќи ја принудата на проституција.

Контролни тактики: понижување и омаловажување; закана; психичко насилство; користење и потврдување на машките и родителските привилегии; изолација; економско насилство.

Семејното условено насилство вклучува: физичко насилство; сексуално насилство; психолошко насилство; семејно физичко насилство против жената; осакатување и запалување со киселина; силување; инцест; генитално осакатување; убивање на женски новороденчиња; емоционална принуда; грабнување со цел за проституција и присилни бракови[17]

Насилството во семејството секогаш претпоставува злоупотреба на моќ во односите кои се темелат на нееднаквост.

---

[15] Krivično delo nasilje u porodici u drustvenom kontektu i pravnom sistemu Srbije i Crne Gore; Vesna Nikolič – Ristanovič; 2003; str. 7, vidi na:http://www.vds.org.yu/File/Tem0603.pdf

[15] Kriminalitet nasilja; Vesna Nikolič-Ristanovič, http://www.fasper.bg.ac.yu/downloads/Ristanovic/osnovne studije/prezentacije sa predavanja/Nasilje1.ppt#256,1,Kriminalitet nasilja

[16] Ibid

[17] Jelavić, Ž. Nasilje u obitelji, 2006. http://www.unizd.hr/portals/4/nasilje u obitelji.

Најчести *облици* на насилство во семејството се: телесно малтретирање; емоционално малтретирање; сексуално малтретирање; материјално или работно искористување.

### 3.1 Насилство од интимниот партнер

Една од најчестите форми на насилство врз жената е онаа од сопругот или од интимниот партнер. Ова е сосема спротивно од состојбата со мажите, кои главно, имаат повеќе изгледи да бидат нападнати од непознат или од некој близок. Насилството од страна на интимниот партнер е чест случај во сите земји, независно од социјалната, економската, религиозната или културната група. Иако жените може да бидат насилни со мажите со кои се во врска, а насилство може да се утврди и во врска со партнери од ист пол, сепак насилството од страна на мажите врз жените е најраспространето.[18]

На насилството од интимниот партнер се повеќе се гледа како на важен проблем на јавното здравство. Во 2000 год. било проценето дека околу 520.000 луѓе биле лишени од живот во чинови на интерперсонално насилство во целиот свет - стапка од 8.8 на 100.000. Но, официјалните статистики за убиства не ја прикажуваат реалната состојба. Голем број случаи на смрт како последица од насилство се сметаат за несреќни случаи или за природна смрт. Во Индија, на пример, здравствените работници се сомневаат дека голем број смртни случаи кај жените што биле евидентирани како “несреќни случаи при пожар”, всушност, се убиства при кои тие биле намерно попрскувани со керозин и палени од страна на сопрузите или други членови од семејството.[19]

- Во 48 истражувања на популацијата од целиот свет, 10-69% од жените пријавиле дека биле физички нападнати од страна на интимниот машки партнер во некој момент од нивниот живот. Во големите национални студии, бројката се движи помеѓу 10 и 34%.
- Повеќето жртви на физичка агресија се подложувани на повеќекратни акти на насилство во текот на подолг временски период.
- Физичкото насилство во интимните врски честопати е придружувано од психолошка злоупотреба, а во една третина до над една половина од случаите, и од сексуално насилство.
- На насилството од партнерот се должи и значителен број умирања меѓу жените. Студии од голем број земји покажуваат дека 40-70% од жените - жртви на убиства биле убиени од нивните сопрузи или момчиња, често во текот на постојана врска исполнета со малтретирање.

Во 2000 год. околу 520.000 луѓе биле лишени од живот во чинови на интерперсонално насилство.

Официјалните статистики за убиства понекогаш не ги опфаќаат сите случаи на насилна смрт. Голем број вакви случаи, особено кај жените, децата и постарите лица, можат да се припишат на болест или на друга природна причина.[20]

Насилство од страна на интимниот парнер значи секое однесување во интимната врска што предизвикува физичка, психолошка или сексуална повреда. Таквото однесување вклучува:

- Чин на физичка агресија - како што е удирање шлаканици, удирање, клоцање и тепање;
- Психолошко злоупотребување - како што е заплашување, постојано потценување и омаловажување.
- Присилно водење љубов и други форми на сексуално принудување.

[18] Светски извештај за насилствто и здравје, op.cit, стр. 45

[19] Canadian Centre for Justice Statistics.Family violence in Canada: a statistical profile. Ottawa, Statistics Canada, 2000.

[20] Светски извештај за насилство; op. cit. стр. 13

- Различно контролирачко однесување - како што е изолирање на личноста од нејзиното семејство и пријатели, следење на нејзиното движење, ограничување на пристап до информации или помош[21].

Во повеќе студии за население направени низ целиот свет, 10-69% од жените пријавиле дека биле физички нападнати од страна на нивниот близок машки партнер. Врз поголемиот број жртви на физичка агресија се извршува повеќекратно насилство во одредени периоди. Тие исто така подлежат на повеќе видови злоупотреби. На пример, една студија на 613 злоупотребени жени во Јапонија покажа дека помалку од 10% биле жртви само на физичко насилство, додека врз 57% од нив била извршена физичка, психичка и сексуална злоупотреба. Една студија во Мексико покажа дека на повеќе од половината од жените врз кои бил извршен физички напад, исто така била извршена и сексуална злоупотреба од страна на нивните партнери[22].

Жените особено подлежат на злоупотреба од страна на нивните партнери во оние средини каде што постојат нееднакви односи меѓу мажите и жените, разлики во улогите на половите, културни норми при кои мажот има право на сексуални односи без разлика на чувствата на жената и недоволно санкции за таквото однесување[23].

Повеќето жени кои се цел на физичка агресија обично доживуваат повеќе чинови на агресија со текот на времето. Во истражувањето во Леон, на пример, 60% од злоупотребените жени во претходната година биле нападнати повеќе од еднаш, а 20% доживеале тешко насилство повеќе од 6 пати. Помеѓу жените кои пријавиле физичката агресија, 70% пријавиле тешка злоупотреба. Просечнитот број физички напади во изминатата година кај жените кои тогаш трпеле злоупотреба, спрема истражувањето во Лондон, Англија, бил седум напади, додека во САД, во националната студија во 1996 г, тој број бил три напади.[24]

Истражувањата од Австралија, Канада, Израел, Јужна Африка и Соединетите Американски Држави покажаа дека 40-70% од убиените жртви биле жени убиени од страна на нивните сопрузи, или момчиња, често и во тековна насилна врска.[25]

### 3.1.1 Фактори на ризик во насилство од интимниот партнер

Постојат повеќе фактори кои се поврзуваат со ризикот мажот физички да го нападне интимниот партнер, вклучувајќи:

- млада возраст,
- низок приход,
- невработеноста,
- социјални случаи,
- низок образовен степен,
- вклученост во агресивно или деликвентно однесување во адолесцентниот период.

Останатите фактори кои влијаат на појавата на насилство од мажот кон жената:

1) *фактори од индивидуален карактер*

- младата возраст, тешко пијанство, депресија, нарушување на личноста, слаби примања, искуство или сведоштво на насилство како дете;

2) *фактори кои се однесуваат на брачниот живот*:

[21] Ibid, стр. 45

[22] Повеќе за ова Black DA et al.Partner, child abuse risk factors literature review. National Network of Family Resiliency, National Network for Health,1999 available on the Internet at http://www.nnh.org/ risk.

[23] Ibid

[24] Светски извештај за насилство и здравје, op. cit. стр. 45

[25] Ibid, стр. 49

- брачни конфлкти, брачна нестабилност, машка доминантност во семејството, нефункционирање на семејството;

3) *фактори (правни и економски) во државата:*

- сиромаштијата, низок социјален капитал, немање покриеност на ова насилство во кривичното законодавство, како и благата казнена политика кон овие кривични дела.

4*) социјални фактори*

- нормите од социјален карактер кои го подржуваат насилството, традиционалните норми за половите.

Историја на насилство во семејството на машкиот партнер (особено ако видел како ја тепаат мајка му, или ако доживеал насилство како дете) и растење во сиромашно семејство, се исто така, важни фактори поврзани со вршење партнерско насилство.

Многу студии утврдуваат дека прекумерната употреба на алкохол е цврсто поврзана со вршење партнерско насилство, иако се води дебата за тоа дали претераното пиење ги чини мажите насилни, или тоа се користи како изговор за нивното насилно однесување.

Одредени фактори на личноста, вклучително несигурноста, ниската самопочит, депресијата и агресивните или антисоцијални нарушувања на личноста, се поврзуваат со партнерското насилство, како и нехармоничноста или конфликт во материјалната врска. Жените се особено подложни на злоупотреба од своите партнери во општества каде што постојат јасни нееднаквости помеѓу мажите и жените, строги родови улоги, културни норми кои го поддржуваат правото на мажот да биде насилен со својата интимна партнерка и слабите казни за таквото однесување[26].

## 4. ЕТИОЛОГИЈА НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

### 4.1. Насилство во семејството во услови на транзиција

Во услови на транзиција од социјализам во капиталистички општествени односи, кои ги карактеризираат брзи и кумулирани промени на макро и микро план, како и висок степен на нестабилност и егзистенцијална несигурност, сите фактори кои влијаат на јавувањето на насилството во семејството се јавуваат кумулативно и во најдрастичен облик. Промените во секојдневниот живот кои влијаат на создавање фактори кои допринесуваат за појава на насилството во семејството се: невработеноста (губење на работа и неможност за вработување), зголемување на понудата на неформалните и илегалните работи, осиромашување на широките слоеви на мажи и жени, загрозување на станбената ситуација, брзи и чести промени на економскиот статус, брзиот пораст и кумулација на општествениот стрес. Наведените промени влијаат на создавање на фактори кои допринесуваат на појава на сите облици на насилство во семејството - првенствено насилство врз жената, насилство над децата и старите, но и насилствотото врз мажите.[27]

Факторите кои се поврзани со транзицијата, а кои влијаат на насилството во семејството можат да се сместат во две групи:

1. фактори кои влијаат на изложеноста на насилството во семејството;
2. фактори кои ја спречуваат жртвата да го напушти насилникот.

[26] Nasilstvo od intimniot partner http://www.who.int/violence_injury_prevention/violence/world_report/factsheets/en/partner_mac.pdf

[27] Krivićno delo nasilje u porodici u društvenom kontekstu i pravnom sistemu Srbije i Crne Gore; Vesna Nikolić – Ristanović; 2003; стр. 6 http://www.vds.org.yu/File/Tem0603.pdf

Резултатите од истражувањата спроведени во земјите во транзиција покажуваат дека како најзначајни, со транзицијата поврзани, фактори кои влијаат на зголемување на загрозеноста, пред се, на жените од насилство во семејството, се издвојуваат:

- влошување на социо-економскиот статус на мажите;
- преминување на жените во подобар социо-економски статус и зголемување на расчекорот помеѓу социо-економскиот статус на мажите и жените/партнерот;
- криза на машкиот и криза на генерацискиот идентитет како фактор на насилство на возрасните несамостојни синови;
- ниска/паѓачка (под влијание на општествениот стрес) способност за комуникација на мажите и жените.

## 4.2 Темната бројка на рашироеноста на семејното насилство

Насилството во семејството е многу пораширена појава отколку што на тоа укажуваат постоечките податоци, зашто искуствата на организациите и стручњаците кои се занимаваат со ова проблематика укаѓуваат дека многу случаи на семејно насилство не се пријавуваат, односно дека жртвите за тоа молчат. Поради традиционалните сфаќања, патријархалното воспитување и стереотипите, повеќето случаи на семејно насилство остануваат неевидентирани.

Тешко е да се процени колкава е „сивата“ бројка на семејно насилство во Република Македонија. Проценките на активистите од невладините организации се разликуваат, почнувајќи од проценките дека на секоја жена која го пријавува насилството доаѓаат барем две кои за тоа молчат, до проценките дека „на секој пријавен случај восекојдневието постојат 10 непријавени случаи“.

## 4.3 Фактори кои влијаат на семејното насилство

Бројни се факторите кои влијаат на семејното насилство – од макроекономски, општествени, културолошки, религиски до политички прилики. Ниеден од овие фактори не може да се разгледува одвоено. Нестабилноста на социјалниот статус и приходите, драстичните промени во финансиската ситуација, станбените проблеми, промените во семејните улоги – кулминацијата на негативните влијанија на овие фактори доведува до појава на насилство помеѓу брачните и вонбрачните партнери.

## 4.4 Макроекономски фактори – периодот на транзиција

Република Македонија во последните 15 години се соочува со транзициски период. Настана премин од општествена на приватна сопственост, односно од социјалистички систем на управување на систем на пазарна економија. Ова за последица имаше длабоки општествени пореметувања кои неретко се појавуваа преку протести на улиците, блокади на владините институции, штрајкови со глад, прекини на производството. Луѓето остануваа без работа и без никаков приход, без можност од поврзување на стажот и заминување во пензија, без можност да го преранат семејството.

Преминот на пазарна економија посебно негативно се манифестира на семејните односи. Зголемена е нееднаквоста помеѓу мажите и жените во сите сфери од живеењето, што е во склад со развојот на настаните и во другите држави во регионот.

## 4.5 Општествените промени, религија, традиција

Република Македонија е патријархална држава со длабоко вкоренети традиционални обрасци на однесување.

Во некои региони во Република Македонија жената и понатака оди чекор зад мажот, не смее да располага со пар ниту да излегува од куќата без одобрение од претседателот. Силното влијание на традицијата и патријархалното културно наследство, кое се одразува во доминација на мажите во сите сфери од животот допринесува за верувања дека за семејното насилство е виновна жената, дека таа го предизвикала мажот и дека за насилството подобро да не се зборува, затоа што тоа е срам за жената.

Општествените промени кои ги донесе транзицијата посебно влијаеле на брачните односи и односите помеѓу родителите и децата, а денешното време го карактеризира и феноменот од недостаток на станбен простор, односно фактот дека во едно семејство живеат заедно и неколку генерации. Гужвата во семејството, недоволниот станбен простор и генерациskiот јаз ги прави луѓето нервозни, подложни на стрес и насилничко однесување. Жените често се жртви не само на своите мажи туку и на синовите или другите блиски роднини со кои го делат семејството.

Исто така, економските промени кои ги донесе транзицијата влијаеа на промена на статусот на мажите и статусот на жените. Од една страна, мажите се соочуваат со криза на машкоста – не можат да одговорат на очекувањата кои мажот го гледаат како столб на семејството, лидер, некој кој е способен да на семејството му ги обезбеди сите услови за нормално функционирање. Се повеќе се ситуациите кога мажот, од кој се очекува да биде носечки столб на семејството, да има помала плата или помало образование од жената, што заедно со стресот и неможноста да се одговори на очекувањата на општеството, силно е поврзано со ризикот од малтретирање на жените[28].

## Заклучок

Со право се зборува за трансформација на семејството која следува од социјалната динамика, еманципацијата на жената, општиот општествен развој со презапослени семејства, со процесот на разградување на целокупниот патријархален морал. Оптеретеност со работното време и грубото редуцирање на содржините на семејниот живот, стресните и невротичните прилики го доведуваат современото семејство до конфликтни состојби и отворени судири, кои на крај резултираат со насилство. Насилството во семејството претставува изразито штетна, многу раширена, слабо позната и неистражена негативна општествена појава.

Категоризацијата на семејното насилство како современ облик на насилнички криминалитет, претпоставува дека се работи за појава од понов датум или, пак, за појава која во последно време добива каратеристики што значат зголемување на општествената опасност до степен да биде инкриминирана како кривично дело. Меѓутоа, кога е во прашање семејното насилство, може да се констатира дека таа е поврзана со почетокот на цивилизацијата, а, пак, што се однесува до манифестните облици и нејзиниот обем, не постојат податоци кои укажуваат на нивни порадикални промени.

Фактот што семејното насилство се инкриминира во последните две децении претставува значаен индикатор за бавниот продор на правното регулирање на односите во бракот и семејството, кога е во прашање насилството, како на национално така и на меѓународно ниво.

Во современите истражувања на проблемот на семејното насилство доминираат три основни теоретски пристапи: психолошки, социолошки и феминистички. Секој од овие пристапи има одредени темели во резултатите на емпириските истражувања, но ниеден од нив не е прифатлив како универзален модел кој би нудел одговор на сите прашања. Затоа во истражувањата на семејното насилство е неопходен мултидисциплинарниот пристап.

[28] Topic, Emina. Nasilje u porodici, Univerzitet u Zenici – Pravni fakultet, mart, 2009, стр. 13

Во однос на нормативното регулирање на семејното насилство, во последните години забележана е практика на донесување на закони за семејно насилство засновани на холистичкиот пристап, во чија основа е мултидимензијалниот карактер на појавата. Овие закони подразбираат кодифицирање на казнените и граѓанските материјални и процесни одредби, како и на пакетот на заштитни мерки на насилството врз жените - семејното насилство.

Со моделот на законот за заштита од насилството во семејството Австрија го заседе иновативниот пристап кој постана модел на другите држави кои воведоа слично законодавство или планираат тоа да го сторат. Тоа што австрискиот модел го прави специјален и посебно ефикасен е неговата блиска врска со правните и општествените одредби.

# ЛИТЕРАТУРА


[1] Ajduković, 2003; Jelavić, Ž. Nasilje u obitelji, 2006. http://www.unizd.hr/portals/4/nasilje u obitelji.ppt#261

[2] 2.Ignjatović, Kriminologija, Služben glasnik, Beograd, 2005, стр. 268

[3] Jelavić, Ž. Nasilje u obitelji, 2006. http://www.unizd.hr/portals/4/nasilje u obitelj

[4] Nikolić – Ristanović. V. Kriminalitet nasilja;

[5] http://www.fasper.bg.ac.yu/downloads/Ristanovic/osnovne studije/prezentacije sa predavanja/Nasilje1.ppt#256,1,Kriminalitet nasilja

[6] 5.Vesna Nikolić – Ristanović; Krivićno delo nasilje u porodici u društvenom kontekstu i pravnom sistemu Srbije i Crne Gore; 2003; стр. 6 http://www.vds.org.yu/File/Tem0603.pdf

[7] Русинов, Лана. Utjecaj nasilja u porodici na kriminalitet žena

[8] http://infoz.ffzg.hr/afric/MetodeII/Arhiva01_02/Ruskov_Lana.htm

[9] Slavković I, Ignjatović T; Nasilje u porodici - čija e odgovornost; autonomni ženski centar; MarDox, Beograd, 2006,

[10] http://www.womenngo.org.yu/publikacije-dp/cija-je-odgovornost.pdf

[11] 8.Topic, Emina. Nasilje u porodici, Univerzitet u Zenici – Pravni fakultet, mart, 2009,

[12] Тозија, Ф, Ѓорѓиев, Д, Чичевалиева, С, Извештај за насилство и здравје во Македонија и водич за превенција, Министерство за здавство на Р. Македонија, 2006, Скопје, стр. 87

[13] 9. Vjekoslav Afrić; Obitelj; Sveučilišu Zagrebu.

[14] http://infoz.ffzg.hr/afric/MetodeII/Arhiva01_02/selmic_adelita.htm

[15] 10. Vukovic, Miroslav; Nasilje u porodici-oblici, indikatori i karakteristike;

[16] 11. Чачева, В, Фришиќ, Ј, Мишев, С, Живот во сенка, Здружение за еманципација, солидарности еднаквост на жените на РМ ЕСЕ, 2007, стр, 1 според


## Списанија, публикации и извештаи


[1] 1.Black DA et al.Partner, child abuse risk factors literature review. National Network of Family Resiliency, National Network for Health,1999 available on the Internet at http://www.nnh.org/ risk

[2] Canadian Centre for Justice Statistics.Family violence in Canada: a statistical profile. Ottawa, Statistics Canada, 2000.

[3] Кривичен законик на РМ. Службен весник на РМ, Кривичен законик на Република Македонија, член 122, став 19). Кривичен законик на РМ Службен весник бр. 37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/2003. измени и дополнувања на КЗ. Службен весник на РМ бр. 19, март 2004.

[4] Измени и дополнувања на Законот за семејство, Службен весник на РМ бр. 38, јуни 2004

[5] Препорака (2002)5 на Советот на Европа за заштита на жените од насилство и објаснувачки Меморандум.Заштита на жените од насилство

[6] http://www.coe.int/T/E/Human_Rights/Equality/PDF_Rec(2002)5_Macedonian.pdf.